СОЗДАВАМЕ ИДНИНА ЗАЕДНО
НАЦИОНАЛНА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

# БЕЗБЕДНО И ОТПОРНО ОПШТЕСТВО

| ПРЕДИЗВИК | ПРИЧИНА | ПОСЛЕДИЦА | ПРОМЕНИ ВО ОПШТЕСТВОТО-СИСТЕМСКИ ПРИСТАП |
|---|---|---|---|
| **Хибридни закани**<br>Хибридните закани се повеќедимензионални, екстремно хоризонтално дисперзирани и опфаќаат главно политички, дипломатски, информативни, воени, економски, финансиски, разузнавачки и правни аспекти.<br>Хибридните закани се импликации на веќе постоечки субверзивни форми, чија брзина, опсег и зачестеност на појавување се зголемени со помош на современи технологии. | Зголемена ранливоста;<br>Геополитички интереси и влијание;<br>Слабите точки на државата во отпорноста и функционирањето на институциите; | Ерозија на институциите и политичкиот систем;<br>Недоверба во демократските и државните институции.<br>Интраетничка, интеретничка, социјална, културна, родова и политичка поларизација на општествата;<br>Лажни вести; | Подигање на општествената свест за ризиците кај мажите, жените и ранливите групи граѓани ;<br>Градење на отпорни системи на државата и општеството;<br>Формирање централно тело за следење и координација на одговорот, заштита и одбрана од различни форми на хибридните закани;<br>Сеопфатен, меѓусекторски и меѓуминистерски пристап и соработка;<br>Координирана акција во рамките на ЕУ и НАТО;<br>Унифициран процес за проценка на ризикот за работењето на критичната инфраструктура, планирање мерки за нејзина заштита и одговор на различни видови закани; |
| **Информатичко-кибернетски закани**<br>Клучната закана за националната информациско-комуникациска инфраструктура. | Кибернетичкото опкружување и глобалната природа без географски и временски ограничувања;<br>Тешко одредување на вистинскиот извор и чинител на заканата;<br>Активности на државни и недржавни актери;<br>Ранливоста на современото општество; | Кибернетична шпионажа;<br>Кражба на интелектуална сопственост;<br>Ширење на дезинформации, кибернетички криминал, сајбертероризам;<br>Загрозување на информатичката мрежна критичната инфраструктура; | Следење на меѓународната динамика на одговор на кибернетичките заканите;<br>Адаптирање на националната стратегија и нормативната регулатива на теренот;<br>Воспоставување на национално тело за сеопфатно управување на подрачјето и координација со сите оддели и други субјекти во сите безбедносни предизвици;<br>Систем за заштита на клучните комуникациски и информациски системи; |
| **Разузнавачки активности** | Преку активности на странски | Добивање на тајни информации | Превентивното подигање на свеста за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **на странски актери**<br>Разузнавачката активност се спроведува со помош на класични форми на прибирање податоци со човечки ресурси и со искористување на современите информатички технологии и системи. | разузнавачки фактори се загрозуваат безбедносните, политичките и економските интереси на државата;<br>Се користи од странски актери територија на РСМ за да дејствуваат против трети земји; | и податоци за интересот на дипломатските, економските активности на РСМ во меѓународното опкружување; | безбедноста да се врши во целни средини кои се наоѓаат во доменот на интерес на странските разузнавачки операции;<br>Интеграција во една Агенција на досегашните Агенција за национална безбедност и Агенција за разузнавање;<br>Формирање на оддел во МНР за контраразузнавање;<br>Зајакната размената на сознанија и перцепции во врска со разузнавачките активности на странските актери и подготовката на мерки за поефективно спречување на нивните активности;<br>Креирање обуки за безбедносна култура на сите вработени во безбедносните институции и државната администрација; |
| **Воени закани и кризни жаришта**<br>Директно влијание врз пошироката регионална и глобална стабилност, развојот, миграциските текови и создавањето безбедни засолништа за терористичките групи, насилниот екстремизам и организираниот криминал.<br>Незавршената постконфликтна транзиција на Западен Балкан има изразено влијание врз националната безбедност на Република Северна Македонија, особено во | Зголемен број и влошување на локалната и регионалната нестабилност кои можат лесно да го надминат својот опсег поради спротивставените интереси на глобалните центри на моќ;<br>Меѓународната заедница се соочува со појава на нестабилни и нефункционални држави, активности на терористички и екстремистички вооружени групи, пораст на организираниот криминал и грубо кршење на човековите права и основни слободи; | Нестабилната политичка и безбедносна ситуација и трката во вооружување на југоисточниот дел на Европа,<br>Латентно присуство на воени закани во поширокиот глобален и регионален простор;<br>Незавршената постконфликтна транзиција на Западен Балкан има изразено влијание врз националната безбедност на Република Северна Македонија; | Интегриран пристап во изградбата и обезбедувањето одбранбени и воени капацитети;<br>Обезбедено соодветно ниво на сопствена одбранбена способност и подготвеност и потпирајќи се на системот на колективна одбрана со взаемна помош на НАТО и ЕУ;<br>Обезбедување на кадровски, финансиски и материјални средства неопходни за изградба, функционирање и модернизација на сеопфатни и издржливи, мирнодопски и воени и одбранбените способности на соодветно ниво на подготвеност;<br>Соодветни национални воени капацитети во однос на опсегот, структурата, опремата, обуката, подготвеноста и издржливоста;<br>Зголемувањето на отпорноста на земјата и општеството, како на полето на воената така и на цивилната одбрана, согласност со концептот на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| областите на демократизацијата, владеењето на правото, безбедноста и социо-економскиот развој. | | | армиски резервен состав;<br>Балансиран и координиран придонес од надлежните министерства, владини ресори и други државни органи, јавни и приватни економски институти и компании, како и владини и невладини развојни и хуманитарни организации;<br>Во своите мировни, развојни и хуманитарни напори ќе се фокусира на помагање за постигнување родова еднаквост и зајакнување на улогата на жените, и на овој начин конкретно ќе придонесе за општествениот развој, мирот, стабилноста и безбедноста, зајакнувањето на економијата и воспоставувањето отворени општества во земјите во развој;<br>Интегрирање на Генерал штабот на Армијата на Република Северна Македонија во Министерството за одбрана; |
| **Тероризам**<br>**Насилен екстремизам и радикализам**<br>Појавата и ширењето на тероризмот останува тесно поврзана со идеолошката, политичката, верската, економската и социјално мотивираната радикализација на релативно мал дел од граѓанското општество, како резултат на што тероризмот, исто така, станува сè почеста форма | Тероризмот е поврзан со други безбедносни закани (организиран криминал, недозволени активности во областа на оружјето за масовно уништување и нуклеарната технологија, илегалната миграција и трговијата со луѓе, оружје и дрога); | Цели на терористички закани и нападите се пред се цивилното население, државните претставници и институции, дипломатско-конзуларните претставништва, критичната инфраструктура и припадниците на меѓународните сили во меѓународните операции и мисии;<br>Разни екстремистички движења и организации чие легитимно изразување на мислења и позиции може да се претвори во закана за уставниот систем на | Одговорот во областа на борбата против тероризмот да продолжи да се заснова на интегрирана национална и меѓународна ресорска соработка;<br>Развој на механизми и организациони решенија за координација на надлежните органи со цел успешно и навремено откривање и спречување на терористичките активности;<br>Доследна имплементација на правните инструменти и стратегии на Обединетите нации, Советот на Европа, Европската Унија и другите меѓународни организации, билатералната соработка, рестриктивните и превентивни мерки, судска соработка во кривичните работи поврзани со тероризам; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на долгорочна закана во евроатлантската средина;<br>Фалат семејствата повратници на борците во терористички организации | | Република Северна Македонија, негирање или повреда на основните човекови права и слободи, неконтролирано насилство и закана за човековото достоинство, безбедност и живот; | Формулирање на политика која строго ќе ги почитува Уставот, меѓународните договори и важечкото законодавство;<br>Програма за работа со децата и жените повратници на борците во терористички организации |
| **Организиран криминал**<br>Важни прекугранични безбедносни закани поврзани со делувањето на организираниот криминал се шверц на дрога, трговија со луѓе, илегална миграција, нелегална трговија со отпад, оружје и високо оданочени акцизни стоки, корупција, перење пари и фалсификување и злоупотреба на современи информациско-комуникациска технологија. | Транзитно-логистичка и во помала мера целна земја на дејствување на меѓународните криминални групи, особено по т.н. балканска рута.<br>Организиран шверц на дрога, трговија со луѓе, илегална миграција, нелегална трговија со отпад, оружје и високо оданочени акцизни стоки, корупција, перење пари и фалсификување и злоупотреба на современи информациско-комуникациска технологија | Штета на жртвите и негативното влијание врз социјалните и економските аспекти на животот како и на целото општество< | Заедничко дејствување со Европската Унија во борбата против сериозните и организирани форми на криминал;<br>Интензивна меѓународна полициска соработка;<br>Постојана размена на криминални и разузнавачки информации, податоци со странски безбедносни и разузнавачки служби, Европол, Интерпол и др.;<br>Зајакнување на оперативните капацитети за спроведување на криминално-разузнавачки активности и тајни истражни мерки;<br>Спроведување на нови методи, тактики и техники за поефикасно спречување, откривање и истрага на сите форми на сериозен и организиран криминал;<br>Нови методи, тактики и техники за поефикасно спречување, откривање и истрага на сите форми на сериозен и организиран криминал, што ќе бара и соодветни нормативни прилагодувања.<br>Размената на податоци и соработката на надлежните органи на национално ниво; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Загрозување на јавната безбедност**<br>Може да се очекуваат повеќе форми на нарушување на јавниот ред и мир, вклучително и посериозни прекршувања кои може последователно да прераснат во кривични дела со сите последици по безбедноста на поединецот и пошироките заедници. | Напади врз животот и имотот на граѓаните меѓу кои жените и ранливите групи раѓани, економски криминал, корупција, финансиски измами, фалсификување документи, пари и стоки, нарушувања на јавниот ред и мир; | Незадоволство кај населението од работата, недоверба во ефикасноста на институциите на системот за национална безбедност;<br>Слабеење на индивидуалната и националната безбедност;<br>Сериозни прекршувања кои може последователно да прераснат во кривични дела; | Обединето и координирано работење на соодветно обучен и опремен полициски, судски, административен и полициски сегмент на системот за внатрешна безбедност;<br>Зајакната соработката со регионалните меѓународни безбедносни институции и пренесување и промовирање на добрите практики;<br>Партнерство меѓу јавниот и приватниот сектор;<br>Кохерентност на политиките и стратегиите на различни ресори;<br>Мерки за подобрување на безбедноста во сообраќајот и за таа цел ќе ги поддржува активностите на националниот орган за безбедност во сообраќајот;<br>Програми за безбедни градови што ги земаат предвид потребите на жените да се чувствуваат безбедно при своето работење и живеење |
| **Миграција**<br>Притисокот на илегалните миграциски текови ќе биде значително определен од социо-економските и политичко-безбедносните услови како во светот, така и во споменатиот регион. Поширок опсег на илегална или масовна миграција генерално може да ја загрози безбедноста и благосостојбата на жителите на нашата земја и да претставува | Балканската рута на илегална миграција;<br>Враќање на можни „странски борци“ од Блискиот Исток и други членови на терористички организации кои би сакале да влезат на територијата на ЕУ преку Западен Балкан; | Индиректно влијае на развојот на екстремизмот, влошувањето на безбедносните услови, надворешната и внатрешната политика. | Да се изгради кохерентно гранично управување, што ќе овозможи уште поефикасно преминување на надворешните граници, имајќи ги предвид ризиците од потенцијалните закани на овие граници, вклучително илегалната миграција и прекуграничниот криминал; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| значителен товар за целиот национален безбедносен систем. | | | |
| **Финансиско-економски ризик, Социјален и Технолошки ризик**<br>Финансиските институции со своето глобално присуство и нивното големо влијание врз протокот на пари и финансиските трансакции, како и поради брзиот развој на информатичката технологија, се зголемува брзината на важни финансиски и парични текови, и како резултат на тоа, чувствителноста на овие институции на информации, политики или настани по светот, што претставува постојан ризик во однос на достапноста на финансиските ресурси. | Поради неповолните долгорочни демографски движења во Европа и Република Северна Македонија (стареење на населението, пад на наталитетот, емиграција на населението и недостаток на работна сила);<br>Високото ниво на дигитализација носи зголемување на ризикот од кибернетички напади; | Нерегулираниот пазар на криптовалути овозможува неконтролирани финансиски трансакции на организираниот криминал и терористичките групи;<br>Доаѓа до пораст на трошоците за здравствена и социјална заштита како и на ризиците кои обезбедуваат одржлив економски развој; | Мерки за ублажување на глобалните финансиски, економски ризици;<br>Справување со сиромаштијата и другите форми на социјална несигурност, како социјален, економски и политички проблем во земјата;<br>Промовирање поефикасно работење на пазарот со истовремени мерки и насочени интервенции од страна на државата на различни нивоа, вклучително и унапредување на хуманитарните активности и насоченото делување на социјалните служби;<br>Поголем економски развој и просперитет, подобрување на квалитетот на животот на нејзините жители, обезбедување одржлив развој во економската и социјалната сфера и промовирање на креативно, технолошки и отворено општество;<br>Економската политика да се заснова на еднаков третман на економските, социјалните, родовите и еколошките димензии на благосостојбата и на одржливиот развој;<br>Превентивно делување, соочување и ублажување на ефектите од негативните последици од глобализацијата;<br>Мерки за зголемување на довербата во финансиските институции, подобрување ликвидноста на компаниите и зачувување на работните места, со фискални стимулации за забавување на падот на економскиот раст и преку промовирање напредок, конкурентност, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | истражување, развој и образование и преку искористување на позитивните аспекти на технолошкиот напредок; |
| **Природни и од човек предизвикани опасности**<br>• Постоечкиот профил на опасности на државата се карактеризира со низа на природни и од човек предизвикани, при што поплавите се најчести со најголем интензитет и последици по општеството и заедниците, настаните поврзани со временските услови се во пораст, шумските пожари се зголемуваат со зачестеност и последици по природата и биодиверзитетот, додека земјотресите имаат потенцијално најголемо влијание врз државата и граѓаните во смисла на загуби на животи и долгорочни штети и загуби).<br>• За време на последните две децении, во 14 катастрофални настани, животот го загубиле 79 | • Зголемени штети и загуби на пр. според ГФДРР, просечното годишно население погодено од поплави е околу 70.000, а годишниот погоден БДП е 500 милиони УСД, додека просечното годишно население погодено од земјотресот е 40.000, а годишниот погоден БДП е 200 милиони УСД. [6]<br>• Државата се соочува со потопла и посува клима со зголемена појава на екстремно топли настани и намален број на екстремни студени настани, посувите услови резултираат со потенцијално зголемување на екстремните врнежи што ќе резултира со поголем ризик од поројни поплави, очекуваното намалување на летните врнежи и продолжување на последователното времетраење ќе го зголеми ризикот од појава на суши, продолжени вегетациски периоди и поголем број на шумски пожари.<br>• Недоволно разбирање на | • Сè поинтензивни катастрофални настани со поголема магнитуда.<br>• Зголемен број на климатски екстремни настани. Потопла и посува клима во иднина со зголемена појава на екстремни топли настани кои ќе резултираат со продолжени топлотни бранови, посувите услови ќе доведат до суша и топлотни бранови, а екстремните врнежи ќе резултираат со поголем ризик од поројни поплави.<br>• Зголемени ранливости и продлабочени нови социјални нееднаквости.<br>• Исклучително моќното влијание на пандемиската криза COVID-19 придонесе за создавање на „нови ранливи и нови сиромашни“ (луѓе, особено од урбаните центри, кои за прв пат се соочуваат со ранливост како резултат на кризата).<br>• Непланираниот урбан развој доведува до поголеми ризици од | • Обезбедување на мулти-ризик, мулти-хазард и мулти-секторски пристап во намалувањето на ризиците и управувањето со кризите и катастрофите.<br>• Јакнењето на отпорноста на општеството потребно е да се базира на разбирањето и антиципирањето на ризиците и заканите, доброто управување, доволните и расчленети податоци, иновативните решенија, прилагодливоста и трансформативноста на општеството и заедниците.<br>• Разбирање на системската и еволуирачка, сложена и неизвесна природа на ризиците.<br>• Проценка на ризикот антиципирајќи ги новите ризици која е споделена со сите национални и локални институции и придонесува за креирање и спроведување проактивни политики за отпорен развој.<br>• Осигурување на одржливо и стабилно финансирање на намалувањето на ризиците и опасностите преку соодветно буџетско планирање, но и вклучување на приватниот сектор и иновативните начини на финансирање.<br>• За да се осигура дека ограничените финансии се трошат најефикасно, може да се дефинира јасен процес за управување со трошоците. [14]<br>• Вклучување на намалувањето на ризици од |

[6] Global Forum for Disaster Reduction and Recovery. *North Macedonia section*. 2017. https://tinyurl.com/47pdmfar

| | | | |
|---|---|---|---|
| лица, погодени биле повеќе од 1.3 милиони и само во осум катастрофи, штетите изнесувале приближно половина милијарда УСД[1].<br>• Најмногу човечки жртви се регистрирани за време на катастрофалните поројни поплави во Скопје во август 2016 година (22), шумските пожари во јули 2007 година зафатија речиси половина од населението (еден милион жители), а поплавите во 1995 година имале најголема штета од 245 милиони американски долари.[2]<br>• Од 1999 до 2021 год., на годишно ниво, просечно површина од 8,837 ха е зафатена од шумски пожари со просечна штета од приближно 7.8 милиони ЕУР. [3] | ризикот, особено на системскиот ризик и факторите кои придонесуваат за негово манифестирање.<br>• Реактивното управување со ризик од катастрофи кое е ориентирано претежно на одговор, наместо на превенција и ублажување.<br>• Фрагментирана политика на управување со ризикот и недоволно донесување на политики и одлуки кои се информирани за ризиците, т.е. постигнување на развој информиран за ризикот.<br>• Недоволна координација и примена на мултисекторскиот пристап, при што институциите се раководат првенствено од своите матични закони, не применувајќи ги целосно и ефикасно одредбите од останатите закони од областа.<br>• Недостаток на антиципирање на нови и појавни ризици и закани. | опасности и пренаселеноста на градот Скопје[11] резултира со загадување на воздухот, сообраќаен метеж и целосно низок квалитет на живот.<br>• Недостаток на соодветно вклучување на намалувањето на ризикот од катастрофи во развојните сектори, стратегии и програми.<br>• Недоволна децентрализација на намалувањето на ризици од катастрофи. Општините се уште се први субјекти кои одговараат на настаните, наместо да бидат и први субјекти кои ќе го превенираат настанувањето или ќе ги ублажат последиците од ризиците.<br>• Недоволно толкување на несигурноста и на идните трендови.<br>• Дотраена критична инфраструктура поради недоволните инвестиции во одржување и развој.<br>• Лошо вклучување на процените | катастрофи во новиот Просторен план на државата за периодот 2023 – 2043 при што одржливо и отпорно ќе се уредува и управува со просторот и ќе се придонесе за намалување на ризиците и последиците по нив.<br>• Промени во практиките за урбан развој врз основа на пристапот на урбана отпорност.<br>• Трансформативно управување информирано за ризикот обезбедувајќи транзиција кон проактивното намалување на ризикот од катастрофи и негово вклучување во секторите, стратегиите и програмите.<br>• Определување на црниот лебед т.е. на настаните со мала веројатност на настанување и големи последици по општеството и заедниците.<br>• Локализација и понатамошна децентрализација на намалување на ризикот од катастрофи и градење на отпорноста.<br>• Воспоставени партнерства со засегнатите страни вклучувајќи го приватниот сектор и академската заедница за да се подобри управувањето со ризиците, кохерентноста на политиките, инклузивноста и учеството.<br>• Подобрување на механизмите за пренос на ризик кои придонесуваат за градење на отпорност со зголемено учество на приватниот сектор и граѓаните. |

[14] https://tinyurl.com/47jck926
[1] Popovski, Vasko. *Policies for Disability-inclusive Disaster Risk Reduction in the Context of the Republic of North Macedonia*. UNDP. 2023.
[2] Ibid.
[3] https://tinyurl.com/4du52ceb
[11] https://tinyurl.com/2m94p2t3

| | | | |
|---|---|---|---|
| • Овој тренд се очекува дополнително да расте во иднина со оглед на зголемувањето на температурата, очекуваното влијание на климатските промени и зголемувањето на климатските екстремни настани, како и деградацијата на животната средина, загадувањето, урбанизацијата и сл.<br>• Од друга страна, бројните катастрофални настани од мали размери хронично ја притискаат текстурата на издржливоста на општеството и заедниците вклучително жените, мажите и ранливите групи граѓани со исцрпување на нивните расположливи ресурси.<br>• Ризиците стануваат комплексни и новите ризици го загрозуваат | • Застарени политики и нормативни рамки, т.е. законите од сегментот на намалувањето на ризици од катастрофи (управување со кризи и заштита и спасување) се од пред-Сендаи ерата, недостаток на национална стратегија за намалување на ризик од катастрофи.<br>• Недоволно интегрирани и споделени расчленети податоци за ризиците и опасностите.<br>• Недоволно интегрирана и споделена процена на ризици и опасности на национално и локално ниво.<br>• Постојани промени во изградената средина на пр. зголемена стапка на урбанизација (околу 58,79% за 2021 година), непланиран урбан развој (практики на изградба на дивоградби, на пр. до март 2023 година вкупно 296.810 дивоградби се легализирани без преглед на нивната отпорност и сеизмичност[7], пренаселување на | на опасностите во приватниот сектор (на пример осигурување) и развојните планови.<br>• Лицата со попреченост го носат најголемиот товар од влијанијата на кризите и катастрофите, како поради нивните карактеристики и преовладувачките ранливости, така и поради многу честото исклучување од политиките за намалување на ризикот од катастрофи и недоволните инклузивни практики за намалување на ризикот.<br>• Недоволна вклученост на академската заедница и научно-истражувачките институции.<br>• Повеќе од 3.000 луѓе годишно умираат како резултат на загадениот воздух. [12]<br>• Животниот век изнесува 75.69 год. старост (2020) и е помал од државите во регионот и ЕУ.[13]<br>• Населението и бизнисите се погодени поради лошиот систем за рано предупредување и предупредување.<br>• Само 0,02% од населението | • Усогласување со глобалните и регионалните механизми за одржлив и отпорен развој на пр. Рамката Сендаи за намалување на ризикот од катастрофи 2015 – 2030 година, Целите на одржливиот развој, Парискиот договор, како и активно вклучување во развојот на глобалните, регионалните и националните решенија за периодот после 2030 год.<br>• Интегрирано национално и локално стратешко планирање.<br>• Континуирано градење капацитети и едукација на сите.<br>• Програми за градење отпорност и инвестиции за критична инфраструктура. Насоките за градење на отпорност на критичната инфраструктура во Европа и Централна Азија[15] може да бидат почетна точка.<br>• Интегрирана адаптација на климатските промени и градење на отпорност на жените, мажите и ранливите групи граѓани.<br>• Подобрување на социјалната заштита и заштитните мрежи за намалување на ранливоста.<br>• Инклузивно управување со ризик од катастрофи за градење на отпорност на сите во општеството.<br>• Сеопфатни мерки и акции за борба против загадувањето на воздухот во градовите.<br>• Подобрување на постојните и воспоставување на нови системи за рано предупредување и |

[7] https://denesen.mk/divogradbi-vo-makedonija-dosega-se-legalizirani-296-810-nelegalno-izgradeni-objekti-kolku-od-niv-se-otporni-na-zemjotres/m
[12] https://tinyurl.com/bdzb7a79
[13] https://datacommons.org/place/country/MKD/?utm_medium=explore&mprop=lifeExpectancy&popt=Person&hl=en

| | | | |
|---|---|---|---|
| одржливиот и отпорен развој на државата на пр. мигрантска и бегалска криза, здравствените ризици итн.<br>• Пандемијата COVID-19 беше криза без преседан, која силно влијаеше на општеството и заедниците, на пр. во периодот од 03 јануари 2020 до 26 април 2023 година имало 348.059 потврдени случаи, 9.672 смртни случаи и кумулативни загуби на производството за 2020 и 2021 година[4] од 3,7 милијарди американски долари.<br>• Од друга страна здравствените ризици се најголем причинител за високата стапка на смртност на населението. Пушењето и неквалитетната исхрана се | поголемите градови што резултира со неформални населени места, развој на инфраструктура во области подложни на опасности) итн.<br>• Зголемена ранливост на елементите на ризик, односно населението (стапка на невработеност, висок процент на корисници на социјална помош, се уште висока несигурност во храната и сл. [8]) и инфраструктурата.<br>• Намалувањето на ризикот од катастрофи сè уште не ги вклучува сите во општеството, односно граѓаните и особено ранливите жени, ранливите категории и лицата со попреченост кои се „невидливи“[9] за системот.<br>• Очекувано влијание на климатските | има право на финансиска помош во случај на шок или катастрофа.<br>• Не постои систематски систем за осигурување од катастрофи и климатски ризици (исклучок е осигурувањето на земјоделството или земјоделските култури кое е делумно субвенционирано од владата).<br>• Недоволна интегрираност на стратешките документи за здравствените политики и јавното здравје при што приоритетите не се правилно формулирани.<br>• Недоволна подготвеност здравствениот сектор за одговор на катастрофи и кризи.<br>• Непостоење на култура на превенција на ризикот.<br>• Одлив на стручен и специјализиран кадар. | тревожење од повеќе опасности, вклучувајќи ги и здравствените опасности.<br>• Подобрено партнерство и соработка, вклучувајќи ги сите од општеството.<br>• Приватниот сектор како двигател на отпорниот развој.<br>• Подобрувањето на социо-економскиот развој преку зајакнување на секторските политики (социјална или здравствена политика) може да доведе до намалување на ранливоста.<br>• Капацитетот за справување може да се подобри со понатамошен развој на инфраструктурата на земјата, како што е патната поврзаност или промовирање на активизам преку зголемен интерес за волонтеризам (хуманитарна компонента) или подобрување на здравствените капацитети (компонента за здравствена заштита).[16]<br>• Подобрување на постојната платформа за национална инфраструктура на податоци со вклучување на нови сетови на податоци и размена помеѓу повеќе институции.<br>• Воспоставување на национална база на податоци и загуби со цел за идентификување на чинењето на катастрофите и креирање на меѓусекторски политики и алатки за јакнење на |

[15] https://www.undp.org/albania/publications/guidance-notes-building-critical-infrastructure-resilience-europe-and-central-asia
[4] UNDP. *Social and Economic Evaluation of the COVID-19 impact in North Macedonia.* UNDP. June 2020. p. 8. Available at: https://www.impact-covid19.mk/
[8] https://northmacedonia.un.org/en/173663-open-source-inform-index-provides-overview-disaster-risk-north-macedonia
[9] Popovski, Vasko. Policies for Disability-inclusive Disaster Risk Reduction in the Context of the Republic of North Macedonia. UNDP. 2023.

| | | | |
|---|---|---|---|
| на врвот на листата на причинители, а покрај незаразните болести се вбројува и загадувањето на воздухот (во 2017 год. 13.7% од смртните случаи во Скопје се поврзани со загадувањето на воздухот).[5]<br>• Предизвиците поврзани со природните и од човек предизвиканите опасности влијаат врз општеството, заедниците, инфраструктурата и животната средина, и тоа во сегментите на разбирање и управување со ризикот, превенција и ублажување, системи за рано предупредување, адаптација на климатските промени, отпорност на критичната инфраструктура, долгорочно закрепнување и издржливост, финансиски ресурси итн. | промени и климатските екстреми[10].<br>• Искористување на ограничените ресурси за намалување на ризикот.<br>• Недоволни финансиски средства и недостаток на буџетски политики ориентирани кон превенција и ублажување.<br>• Недоволно финансирање на здравствениот сектор и политики.<br>• Неодржливите практики во животната средина резултираат со зголемени ризици и закани.<br>• Индустриски несреќи и техничко-технолошки дефекти.<br>• Недостаток на системи за рано предупредување за повеќе опасности.<br>• Непостоење на | | отпорноста.<br>• Функционалност на институциите преку јакнење на извршувањето на законските обврски и одговорности на институциите и поединците.<br>• Креирање одржлив и отпорен образовен систем што користи нови технологии во случаи на криза |

[16] https://northmacedonia.un.org/en/173663-open-source-inform-index-provides-overview-disaster-risk-north-macedonia
[5] https://tinyurl.com/y48dbjba
[10] Gjurgjevik, Vladimir. *Projection report on climate changes and changes in extreme climate events in the Republic of North Macedonia.* UNDP. 2020. p.4. [online] Available at https://tinyurl.com/yc3r4yaa

| | | | |
|---|---|---|---|
| | национална база на податоци за минати настани.<br>• Непостоење на колективна одговорност на институциите и поединците.<br>• Несоодветни политики за управување со човечките ресурси, при што се зголемува одливот на човечки ресурси, особено во делот на јавното здравство. | | |
| **Климатски промени**<br><br>Најзначајно учество во емисиите на стакленички гасови има од енергетскиот сектор, со 75,4% во 2019 година, потоа земјоделството со 12,1%, секторот на индустриски процеси и употреба на производи со 6,8% и секторот отпад со 5,6%. Агрегатните емисии и отстранување на стакленичките гасови (нето емисии) во 2019 година се проценуваат на 12.902 Gg | Се очекуваат следните проекции за климатските промени:<br>а) Температура: зголемување на температурата (просечно, минимално и максимално), зголемување на топлите екстреми, намалување на студените екстреми;<br>б) Врнежи: годишно намалување (за сценариото RCP8.5), прераспределба во годишниот циклус, помалку летни врнежи (ризик од суша), зголемување на бројот и интензитетот на екстремите (ризик од поплави). [19]<br>• Се предвидува дека | • Различните влијанија на климатските промени врз С. Македонија го вклучуваат следново:<br>1. Сушата може да резултира со губење обработливи површини и промени во периодите/сезоните на обработка.<br>2. Сушата може да предизвика промени во нивото на подземната вода, особено во водните маси. Исто така, може да влијае на ресурсите на подземните води и на неограничените и на ограничените водоносни слоеви.<br>3. Промени во соленоста на | • Усогласување со глобалните и регионалните механизми и стандарди за климатска отпорност.<br>• Унапредување на политиките и нормативните рамки, особено спроведувањето на поединечни законски решенија.<br>• Прилагодување на климатските промени и контрола на емисиите на стакленички гасови.<br>• Вклучување на адаптацијата кон климатските промени низ секторите и политиките, вклучително и одбранбениот и безбедносниот сектор.<br>• Подобро искористување на националните и локалните буџети за финансирање активности за климатските промени, |

[19] https://tinyurl.com/4du52cebc

| | | | |
|---|---|---|---|
| CO2-eq. Вкупните емисии на стакленички гасови од сите сектори се очекува да се зголемат за 37,3% во 2040 година во споредба со 1990 година, или за 64,7% во споредба со 2005 година, достигнувајќи 16.844 Gg CO2-eq во 2040 година.[17]<br><br>Најзагрозени сектори се секторот води, земјоделството (растително производство, почва и сточарство), шумарството и биодиверзитетот. *Сектор води:* Во годините на интензивно искористување на водата, индексот на искористеност на вода изнесувал околу 20%, а во шпицовите, како и во 2012 година, до 35%. Со наводнување на помалку од 10% од земјоделското земјиште и климатски промени кои предизвикуваат почести и | климатските промени ќе влијаат на различни географски региони на С. Македонија малку поинаку во однос на: интензитет, зачестеност и времетраењето на врнежите; температурни промени/променливи во однос на времетраењето, интензитетот.[20]<br>• Зголемување на бројот на климатски екстремни настани.<br>• Климатски финансии, трансфер на технологија и потреби за градење капацитети.<br>• Детални, конкретни и квантифицирани податоци за недостатокот и чувствителноста и потенцијалот за адаптација.<br>• Недоволно вклучување на адаптацијата на климатските промени во клучните сектори, вклучително и намалување на ризикот од катастрофи и одбрана и безбедност, како од аспект на политиката и одлучувањето, така и од | почвата, влагата и капацитетот за одводнување предизвикани од суша.<br>4. Сушата може да предизвика и промени во брегот на езерата и водните тела. Повеќегодишните водни тела можат да достигнат сушење предизвикано од спуштање на водните маси. Непостојаните водни тела кои се зависни од врнежите, исто така, може да се исушат поради продолжените суви периоди, но во исто време да предизвикаат поројни поплави кога има екстремни врнежи од дожд (ризикот од такви поројни поплави е поголем во урбаните предели со непропустливи површини, бидејќи тоа ќе резултира со зголемено истекување и намалено време на концентрација).<br>5. Поплавување на реките и долгорочна промена на морфологијата на реките во областите со предвидено зголемување на врнежите.<br>6. Промени во капацитетот на сливот предизвикани од | вклучително и климатски обврзници за собирање средства за справување со климатските влијанија, означување на буџетот за климата и давачки поврзани со климата.<br>• Зголемување на активностите за истражување и развој за да се придонесе за адаптација и градење отпорност во земјата.<br>• Дизајнирање политики и активности за прилагодување и градење отпорност кај мажите, жените и ранливите групи граѓани.<br>• Воведување на начелото на заштита од климатски промени на инвестициите во критичната инфраструктура.<br>• Напорите за градење отпорност треба да се фокусираат на подобрување на социјалните системи и капацитетите на заедниците и општествата, односно подигнување на свеста за влијанијата од климатските промени, промовирање на образованието и обуката, зајакнување на ранливите популации и подобрување на владеењето и институционалните рамки. Ангажманот и учеството на заедницата се од витално значење за поттикнување на отпорноста на локално ниво..<br>• Системско вградување и реализација на адаптацијата |

[17] https://tinyurl.com/4du52ceb
[20] UNDP (2020) Methodology for mainstreaming Climate Change consideration into spatial planning, with a focus on National Spatial Plan.

| | | | |
|---|---|---|---|
| поинтензивни топлотни бранови и суши, може да се очекуваат загуби во земјоделското производство. *Шумарство:* Поголема смртност на дрвјата, инсектите и наезда на габи, поголем број денови со пороен дожд и повеќе шумски пожари. Трендовите на шумските пожари се смениле, со скратување на периодот помеѓу два сериозни пожари. *Земјоделство:* Екстремните врнежи предизвикуваат нископропустливи почви да станат натопени со вода, уништувајќи ги чувствителните култури. Климатските промени имаат сериозно негативно влијание врз продуктивноста и благосостојбата на добитокот, што резултира со чест и продолжен топлотен стрес. *Биодиверзитетот* е многу ранлив на климатските | аспект на инвестициите и одржливите и отпорни практики.<br>• Институционалните капацитети за намалување на климатските ризици и одговор на системот се недоволни во клучните сектори.<br>• Недостасува рационално образование за намалување на климатските ризици на сите нивоа на образование, а особено во подигањето на свеста на општата популација.<br>• Финансиските ресурси се претежно за ублажување на пр. на глобално ниво од 637 милијарди американски долари, во 2019 година, 571 милијарди американски долари биле издвоени за ублажување и само 46 милијарди долари за инвестиции за адаптација исклучиво од јавни извори.[21] Во македонскиот контекст, голем дел од добиената меѓународна поддршка е искористена за финансирање | зголемено истекување што може да значи дополнителни потреби за складирање на брани, можни ризици од пробивање на браната поради екстремни врнежи<br>7. Поројни поплави и во зависност од тоа каде се случуваат овие поројни поплави, има дополнителни ризици од ерозија и лизгање на земјиштето.<br>8. Варијабилности на водните ресурси (промени во инцидентните врнежи, сезонски промени во врнежите, екстремни врнежи од дожд што доведуваат до поројни поплави).<br>9. Топење на глечерите и дестабилизацијата на снегот може да ги зголемат ризиците од лавини во нови области.<br>10. Топлотните бранови може да ги зголемат ризиците од топлотна исцрпеност, особено за луѓето во урбаните предели со дополнителни ефекти на топлинскиот остров, исто така може да влијае на пејзажите на флората, здравјето на растенијата и одгледувањето.<br>11. Здравствените ризици и човечката смртност се некои | • Одржливо финансирање и зајакнување на финансиските капацитети со<br>• Решенија засновани врз природата.<br>• Утврдување на одговорност на државата, институциите и поединецот.<br>• Катастар на подземни води.<br>• Донесување на Национален план за адаптација кој ќе ги идентификува и приоретизира клучните ранливи сектори, граѓани и мерки и активности за сеопфатна адаптација кон климатските промени. |

[21] https://www.climatepolicyinitiative.org/publication/global-landscape-of-climate-finance-2021/

| | | | |
|---|---|---|---|
| промени со последици како што се инвазијата на туѓи видови и движењето и миграцијата на загрозените растенија и животински видови. *Животни средства:* човечкиот капацитет да се справи со ефектите од климатските промени не е подеднакво дисперзиран и многу варира во општините. [18]<br><br>Овој тренд се очекува дополнително да расте во иднина со оглед на зголемувањето на температурата, очекуваното влијание на климатските промени и зголемувањето на екстремните настани. | проекти претежно за ублажување на ефектите од климатските промени. [22]<br>• Климатските промени влијаат на демографските трендови и модели.<br>• Додека климатските промени ретко резултираат со директни безбедносни закани, климатските промени се во интеракција со постојните стресни фактори, вклучувајќи ги социоекономските, политичките и природните опасности, за да ја поткопаат отпорноста.<br>• Несоодветно финансирање на приоритетните области | директни влијанија. Има и поголеми ризици од појава на нови болести.<br>12. Намалените денови со мраз би значеле доаѓање на рана пролет. Ова значи цветање на растенијата и други промени во животниот циклус на екосистемот.<br>13. Променети периоди на одгледување и продуктивност поради сушата (промени на pH, загуби на хранливи материи/соленост) и прераспределба на годишните циклуси на врнежи.<br>14. Зголемување на случаите на штетници и болести (ризици за луѓето и за земјоделството).<br>15. Миграцијата на видовите се менува и во однос на просторните и временските поместувања.<br>16. Регионите на живеалиштата може да се променат со променливото време и промената на ширењето на флората (новите региони може да станат претпочитани живеалишта за различни видови, | |

[18] https://tinyurl.com/4du52ceb
[22] https://api.klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/b7237187fb7ace50cb566904daffebe2a3e6050aefde6e246ae1d9b1985a8d59.pdf

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | а некои други жаришта и живеалишта можеби повеќе не се претпочитани живеалишта за видовите). [23]<br>• Недоволна интеграција на климатските сценарија и модели во проценките на ризикот и опасноста.<br>• Анализите на климатскиот ризик се недоволно интегрирани во дизајнот и спроведувањето на активностите за намалување на ризикот.<br>• Критичната инфраструктура изложена на влијанијата на климатските промени.<br>• Појавата на „климатски раселени лица“ и миграција во помалку изложени и ранливи области, на пр. на глобално, регионално и национално ниво.<br>• Истражувањето и развојот за адаптација и издржливост не се доволно поддржани.<br>• Недоволно финансирање на мерките и активностите за справување со климатските промени.<br>• Се уште не е донесен | |

[23] https://tinyurl.com/4du52ceb

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Национален план за адаптација кој ќе ги дефинира критичните и ранливи сектори и ќе предвиди мерки и активности за сеопфатна адаптација. | |
| **Природни ресурси и деградација на животната средина** | • Несоодветното користење на природните ресурси;<br><br>• Широко распространета бесправна сеча.<br>• Природните ресурси т.е. шумите се гледаат како ресурси за сеча и комерцијално работење.<br>• Коруптивни практики во областа на животната средина.<br>• Несоодветни политики за давање на концесии за рударство и експлоатација на | • Од 2001 година до денес земјата изгуби околу пет проценти од шумите со кои располага преку бесправна сеча[24] што придонесува за губење на шумскиот фонд, ерозии итн.<br>• Недоволно интегрирање на одржливото управување со шумскиот фонд и разбирање на заштитните функции на шумите.<br>• Постоење на еколошка корупција т.е. нелегална сеча, аерозагадување, концесии за | • Биодиверзитет мерки и политики<br>• Спречување на илегална сеча<br>• Заштита од загадување на почвата<br>• Ефективно управување со водите (отпорност на водните ресурси и нивните резерви), вклучително и прекугранична соработка за вода<br>• Воведување на плаќањето на екосистемските услуги.<br>• Намалување на количината на отпад и промовирање негово рециклирање и намалување на бучавата и електромагнетните емисии преку активно вклучување на жените во |

[24] https://www.osce.org/files/f/documents/5/7/527568.pdf

| | | | |
|---|---|---|---|
| | природни минерали.<br>• Недоволно третирање на отпадните комунални и индустриски води.<br>• Климатските промени ја влошуваат деградацијата на животната средина и поставуваат значителни предизвици за екосистемите и природните ресурси.<br>• Непостоење на систем на плаќање за екосистемски услуги.<br>• Индустријата, енергетиката, земјоделството, трговијата, населбите и туризмот ќе продолжат да вршат најголем товар врз животната средина и да имаат пресудно влијание врз процесите во опкружувањето. | минерални суровини, концесии за користење на водните ресурси итн.<br>• Прекумерна експлоатација на ресурсите.<br>• Загадување на водата, воздухот и почвата.<br>• Потенцијално загадување на плодната Струмичка котлина од рудникот на бакар Иловица.<br>• Загадување на водните текови и реките со индустриски и отпадни комунални води.<br>• Намалени финансиски придонеси на операторите и субјектите за управување со природните ресурси поради непостоење на шеми за плаќање на екосистемските услуги.<br>• Проблеми во снабдувањето со висококвалитетна вода за пиење и ограничени природни ресурси за производство на безбедна храна. | овие програми<br>• Да обезбеди доволно снабдување со клучните енергетски ресурси преку соодветна диверзификација на изворите на снабдување<br>• Поголема употреба на локалните обновливи извори на енергија и преминот кон алтернативни извори. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Корупција и коруптивни практики во безбедносно-одбранбениот систем**<br><br>• Корупцијата е препознаена како еден од најголемите општествени проблеми.[25]<br>• 33,7% од граѓаните биле изложени на коруптивен притисок, додека 32,9% биле вклучени во корупција.[26]<br>• Скоро секој трет граѓанин (31%) е подлежен на корупција, дополнително 31% имаат мешано однесување.[27] | • Давање и примање мито<br>• Нетранспарентни и коруптивни практики при јавните набавки во безбедносно-одбранбениот сектор, за време на кризни и вонредни состојби, како и при одговор на катастрофи<br>• Нетранспарентни постапки во унапредувањето, распоредувањето и доделувањето на заслуги на војниците, службените лица и припадниците на силите за заштита и спасување<br>• Злоупотреба на институционалните буџети и манипулации со средствата<br>• Употреба на ресурсите генерирање на вонбуџетски профит<br>• Недоволна финансиска компензација во вид на плати на вработените во | • Попречување на ефикасното и ефективното функционирање на системот<br>• Ослабување на оперативната подготвеност за одговор<br>• Пренасочување и зголемено и ненаменско трошење на ограничените ресурси<br>• Опрема и средства со намален квалитет или надвор од стандардите<br>• Неисполнување на обврските кои произлегуваат од НАТО, ЕУ, Европскиот механизам за цивилна заштита и сл.<br>• Ризик по репутацијата и намалувањето на кредибилитетот на силите за безбедност и одбрана<br>• Намалување на моралот на војниците, службените лица и припадниците на силите за заштита и | • Потребно е фокусот да биде на процедурите, заштита на системот од корупција<br>• Подигнување на јавната свест и знаењето за постоењето и справувањето со корупцијата и коруптивните практики<br>• Кодификување на добрите практики и научените лекции и подобрување на нормативната рамка и оперативните процедури преку имплементирање на глобални практики и стандарди<br>• Воспоставување на рамка за јавни набавки за време на итни состојби и катастрофи<br>• Воспоставување на механизми и алатки за мониторинг и детекција<br>• Ефективна заштита на „свиркачите“ кои имаат клучна улога во откривањето на корупцијата.<br>• Имплементација на законот за спречување корупција и судир на интереси.<br>• Изменување и дополнување на етичките кодекси за административни службеници и за вработените во Министерството за одбрана и Армијата да ги охрабрат државните службеници и другите јавни службеници да пријават коруптивни и незаконски дела.<br>• Редовно донесување на План за интегритет во надлежните институции. |

[25] https://mcms.mk/images/docs/2021/izveshtaj-za-procenka-na-korupcijata-nivo-na-korupcija-2021.pdf
[26] https://mcms.mk/images/docs/2021/izveshtaj-za-procenka-na-korupcijata-nivo-na-korupcija-2021.pdf
[27] https://mcms.mk/images/docs/2021/izveshtaj-za-procenka-na-korupcijata-nivo-na-korupcija-2021.pdf

| | | | |
|---|---|---|---|
| | безбедносно одбранбениот сектор што негативно влијае на моралот и го зголемува ризикот од коруптивно однесување.[28]<br>• Несоодветно управувани судири на интереси.[29] | спасување<br>• Можност за незаконско стекнување со информации и податоци.<br>• Судирите на интереси доведуваат до корупција.<br>• Најголем дел од граѓаните сметаат дека коруптивниот притисок ќе продолжи да постои и во иднина.<br>• Корупцијата останува неказнива во С. Македонија. | • Подобрено управување си јавните финансии.<br>• Дизајнирање и употреба на алатки за проценка на ризици од корупција за да се подобри системот на внатрешна контрола.<br>• Корупцијата е поврзана со облиците на организираниот криминал и е потребно да се спроведе ригорозен ветинг. |

[28] https://mod.gov.mk/storage/2021/09/Plan-za-integritet-MK-2021-2024.pdf
[29] https://mod.gov.mk/storage/2021/09/Plan-za-integritet-MK-2021-2024.pdf